MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2698/
18 -09- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава, на продолжението на 38-та седница одржано на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2698 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2698/1 од 14.05.2019 година, доставена од непознат подносител – анонимна пријава, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2698 од 2019 година.

Предметот со број 12-2698 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2698 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2698/1 од 14.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од непознат подносител – анонимна пријава.

Доставената пријава претставува барање за испитување на постапка за хипотека, реализирана во месец јуни 2014 година, во која бил даден под залог недвижен имот - управна зграда во сопственост на АД ------- и ----- ----------- АД Скопје. Во доставеното барањето се изнесени сомневања дека предметната постапка не била реализирана на правилен начин односно, дека во постапката под хипотека бил даден и имот - деловен простор кој се наоѓал во приземјето на истата зграда а кој не бил во сопственост на наведените акционерски друштва и се сомнева дека бил направен пропуст при уписот на промените во катастарската евиденција во 2013 година.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Агенција за катастар на недвижности на РСМ, за доставување на уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижности за предметната катастарската парцела.

По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, како и по извршените интерни проверки, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- Предметните наводи се однесуваат на постапка за засновање на заложно право врз недвижности – хипотека, во која предмет на залогот бил недвижен имот - управна зграда во сопственост на АД ------- и

----- ----------- АД Скопје, а која се наоѓала на ул. -- ----------- , Центар Скопје и била евидентирана во имотен лист бр.------ КО Центар I . Во доставената пријавата се наведува дека наведениот имотот бил даден под хипотека на ден 28.06.2014 година, како една целина, иако сопственоста над истиот не била во целост на наведените акционерски друштва туку во приземјето на зградата имало и деловен простор кој не бил во нивна сопственост а кој бил заложен во постапката за хипотеката заедно со управната зграда, со што му била нанесена штета на сопственикот на тој деловен простор. Подносителот на пријавата се сомнева дека при уписот на наведениот имот и на земјиштето под зградата во 2013 година *бил направен пропуст* и не бил оставен процент на сопственост за деловниот простор кој по законот за приватизација, корисникот на деловниот простор, можел да го откупи од Република Македонија како сопственик на земјиштето пред уписот.

-На ден 03.12.2019 година, по барање на ДКСК, од страна на Агенција за катастар на недвижности на РСМ доставено е уверение за историски преглед на извршените запишувања во катастарот на недвижности за предметната катастарската парцела, од кое е констатирано дека во предметниот случај се работи за имот кој бил национализиран во 1973 година и истиот бил евидентиран на Општонароден имот на град Скопје кој бил отстапен на управување на Трговскиот центар во 1979 година, а на кој во управна постапка во 2007 година правото на сопственост било запишано на Електростопанство на Македонија АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје. Во 2010 година, врз основа на потврда за стечај, план за поделба и Законот за преобразба на ЕСМ, предметниот имот бил запишан на новите правни лица и тоа на по ½ идеален дел со право на сосопственост на друштвата ---- -------------- -- -------, АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје и АД за производство на електрична енергија --------- -- ----------- во државна сопственост. Со стапувањето на дигиталниот катастарски план во 2015 година, имотот останува запишан на истите наведени акционерски друштва со по ½ идеален дел со право на сосопственост и заклучно со 29.11.2019 година немало запишано други промени во катастарската евиденција.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 2698/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива

Изработил: Јасминка Цветковска, советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска ,член на ДКСК